20252444741

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 57 став (3) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16) и член 38 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.254/24 и 151/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 декември 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 2025 ГОДИНА

1. Во Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.30/25), во делот I во воведната реченица и во табелата износот „124.245.000,00“ се заменува со износот „185.222.455,00“.

Во делот II износот „112.245.000,00“ се заменува со износот „173.222.455,00“.

Во делот III табелата се заменува со нова табела, која гласи:

„

| | |
|---|---|
| 1. Здравствена заштита на животните за 2025 година, Потпрограма 20, ставка 464 | 170.575.955,00 денари |
| 2. Неизмирени обврски од 2024 година, Потпрограма 20, ставка 464 | 12.000.000,00 денари |
| 3. Организација на специјализирани обуки за подигнување на свесноста за одредени болести кај животните кај надлежните ветеринарни доктори, одгледувачите на животни и ловции, Потпрограма 20, ставка 425 | 1.754.000,00 денари |
| 4. Набавка на опрема и средства за подобра подготвеност во случај на појава на особено опасни заразни болести, Потпрограма 20, ставка 480 | 892.500,00 денари |

“.

Во делот IV во табелата во точката 10. износот „20.670.000,00” се заменува со износот „25.670.000,00”.

Во потточката 10.1 износот „7.000.000,00” се заменува со износот „9.500.000,00”.

Во потточката 10.2 износот „6.400.000,00” се заменува со износот „8.900.000,00”.

Во точката 11. износот „7.200.000,00” се заменува со износот „12.775.955,00”.

Во точката 17. износот „34.500.000,00” се заменува со износот „90.000.000,00”.

Во редот „Вкупно“ износот „104.500.000,00” се заменува со износот „170.575.955,00”.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 50-7883/12
2 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.